РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4376/6

02-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), во првото продолжение на 99-та седница одржана на ден 30.01.2024 година ја донесе следната

## Одлука

Постапката по предметот број 12-4376/1 од 12.09.2023 година, оформен по пријава поднесена од ------------------- Доо експорт импорт с.--------------------, со наводи за постоење на незаконитости при спроведување на јавна набавка на услуга ,,превоз на редовни ученици со носители на дозволи за лински превоз според тарифен модел на општина Тетово,, согласно Законот за превоз во патниот сообраќај, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување поради тоа што постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-4376/1 од 12.09.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, поднесена е пријава заведена под број 12-4376/1 на 12.09.2023 година, по која во ДКСК е оформен предмет со наводи за донесување на одлука за избор на понуда за спроведена јавна набавка на услуга ,,превоз на редовни ученици со носители на дозволи за лински превоз според тарифен модел на општина Тетово,, која според подносителот не била во согласност со предлогот на комисијата формирана за спроведување на постапката за јавна набавка.

Со цел да се утврди фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање за прибирање на податоци до општина Тетово и ОСМУ ,,-----------------------,, во Тетово.

На законски предвидениот рок општина Тетово не извести дека спроведувањето на предметната јавна набавка било во надлежност на ОСМУ ,,-----------------------,, во Тетово и поради таа причина не можеле да се произнесат за наводите на пријавата и дека истата ја препатиле до горенаведеното надлежно училиште.

ОСМУ ,,-----------------------,, во Тетово достави одговор со прилог документација врз основа на која го утврдивме следното: На 23.05.2023 година средните општински училишта во Тетово склучија договор за определување на договорниот орган (во натамошниот текст ,,училиште,,) во функција на носител на организација и изведба на доделување на договори за јавна набавка на услуги ,,општински превоз на патници во внатрешниот сообраќај со дозволи издадени од општина Тетово,, врз основа на член 22б, 23 и 27б од Законот за превоз во патниот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

сообраќај. Со овој договор како договорен орган се избра ОСМУ „----------------------„ во Тетово, на кој останатите договорувачи(во натамошниот текст училишта„) му давале овласутвање да спроведе постапка за доделување на договори за јавна набавка на услуги „општински превоз на патници во внатрешниот сообраќај со дозволи издадени од општина Тетово„ врз основа на член 22б, 23 и 27б од ЗППС„.

Договорниот орган односно ОСМУ „---------------------------„ во Тетово се обрати до општина Тетово како основач на средните општински училишта со барање на мислење за начинот на организирање за задолжителниот бесплатен превоз на редовни ученици од средните општински училишта. Општина достави одговор до договорниот орган со препорака бесплатниот општински превоз на учениците од средните училишта да се врши од страна на носителите на дозвола за општински лински превоз и достави копии од дозволите на правните лица кои се носители на дозвола за општински лински превоз, каде точно било наведено и релацијата на превозот.

Од моментот на склучување на договорот сите права и обврски на наведената постапка за доделување на договори за јавна набавка на услуги ги презема Комисијата за јавни набавки определен со член 5 од овој договор. Договорувачите(училиштата) согласно договорот беа обврзани на комисијата задолжена за јавната набавка да и достават точни списоци на ученици од своите училишта за да се направи збирна листа во техничките спецификации за општински превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај.

На 08.06.2023 година одговорното лице на ОСМУ „-----------------------„ Тетово ја донесе одлуката за превоз на редовни ученици со носители на дозволи за лински превоз според тарифен модел на општина Тетово согласно член 41а став 1,2 и 3 од Законот за средно образование и член 18, 19, 19а, 19б, 20, 22, 22б, 23, 24,27б, 43 и 44 став1-7 од ЗППС за период од 01.09.2023 до 10.06.2024, врз која основа се склучија договори со носителите на дозволи за општински лински превоз на ученици.

Изборот на превозници е направен врз основа на критериум „кој поседува дозволи за лински превоз, кој има најголем капацитет на вработени за вршење на јавен превоз и капацитет на возила за лински превоз„.

На 24.08.2023 година ОСМУ „-------------------------„Тетово како овластено правно лице во постапка за групна јавна набавка заедно со договорните органи и тоа: СОУ Втора Гимназија „------------------„ Тетово, ОСЕУ „---------------------„ Тетово, ОССУ „-------------------„ Тетово, СОУ Гимназија „------------------------„ Тетово склучи договор за превоз на редовни ученици со носители на дозволи за лински превоз во согласност со издадените насоки од општина Тетово со ТДИЛПЖП ------------------------------ ДОО експорт-импорт с.---------------------. По започнување на учебната година ------------------ ги прекршил одредбите од договорот и почнал да качува ученици на релации кои не се предвидени со склучениот договор, односно за Ларце, Групчин и Чифлик. ---------------- почнал да собира потписи од ученици и да прави опструкции врз превозникот ЕО ------------------- како задолжена фирма за превоз на ученици за горенаведените релации согласно склучен договор. ОСМУ „---------------------„ Тетово го известил ------------------- ДОО експорт-импорт дека согласно член 3 од договорот за превоз на редовни ученици во средните општински училишта за учебната 2023-2024 година, не биле задолжени за превоз на ученици за населените места Ларце, Групчин и Чилфик. За истите населени места задолжено било ЕО ---------------, согласно склучениот договор. ---------------- ДОО експорт-импорт било известено да се придржува кон условите од член 9 од

договорот, во спротивно одговорното лице на договорниот орган носител на групната јавна набавка за превоз на ученици, ќе постапи согласно член 11 од договорот, после истекот на рокот од 8 дена од денот на доставувањето на известувањето. -------------------- доо експорт-импорт бил известен три пати од страна на договорниот орган ОСМУ ,,------------------,,Тетово.

Дополнително телефонски бил повикан на средба раководителот на -------------------- ДОО експорт-импорт и од страна на директорот како одговорно лице на ОСМУ ,,--------------------------,, Тетово му беше укажано дека не смее да вози ученици од релации за кој нема склучен договор и не поседува дозвола за општински линиски превоз на ученици. Повиканото лице демонстративно ја напушти средбата и се заканил дека ќе се жали до Државниот управен инспекторат, Министерството за транспорт и врски и Министерството за образование и наука.

На 21.09.2023 година се извршил инспекциски надзор во ОСМУ ,,------------------------,, Тетово. Предмет на постапувањето на ДУИ било Барањето за издавање на информации од јавен карактер со бр.---------/-- од 30.06.2023 година, поднесена од уравителот на -------------- доо експорт-импорт заведено во ОСМУ ,,------------------------,, Тетово. ДУИ констатира дека не се најдени недостатоци во субјектот на надзорот и утврди дека истиот правовремено одговорил писмено за неговите барања.

ДКСК при увид во доставениот одговор и прилог документацијата утврди дека подносителот ------------------------ неговото побарување спрема ОСМУ ,,---------------------,, Тетово, го има изреализирано во судска постапка преку Основен суд Тетово. На 06.12.2023 година ОСМУ ,,-------------------------,,Тетово примил Решение за издавање на нотарски платен налог со кое истиот како должникот се задолжува да му плати долг на доверителот ------------------- доо експорт-импорт во вкупен износ од 1.032.402,00 денари кое произлегува од фактура бр.--------/2023 од 15.11.2023 година и фактура бр.--------------/2023 од 15.11.2023 година.

Од погоре констатираното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.Ј., советник

Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**